РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 01-2069/1
22.11 2017 год.
КОЧАНИ

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/16), член 50 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на Р.М.“ бр.5/2002), а во согласност на член 20 од Парвилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани (бр.01-868/1 од 27.04.2016 година), Градоначалникот на Општина Кочани донесе

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување во Правилникот за систематизација на работните места на Општинската администрација на Општина Кочани (бр.04-868/1 од 27.04.2016 година).

**Член 2**

Во глава IV. Опис на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани, во работното место под реден број 1, шифра УПР 01 01 А04 000, ниво А4, звање Секретар на општина со седиште во град, Назив на работно место Секретар на Општина, во делот Вид на образование, зборот „Геодезија“ се заменува со зборовите „Економски науки“.

**Член 3**

Во глава IV. Опис на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани, во работното место под реден број 2, шифра УПР 01 01 Б02 000, ниво Б2, звање Раководител на сектор, Назив на работно место Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи, во делот Вид на образование, по зборовите „Правни науки“ се додаваат зборовите „ или Економски науки“.

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Градоначалник на**
**Општина Кочани**
**Николчо Илијев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

Изготвил:
Драган Ананиев